# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ПРАКТИКУМОТ „АМЕРИКАНСКИ РОМАН НА 20 ВЕК“ ОД АВТОРИТЕ ДОЦ. Д-Р МАРИЈА ЕМИЛИЈА КУКУБАЈСКА И ЛЕКТОР М-Р МАРИЈА КРСТЕВА, ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2402-170/4, на редовната седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, одржана на 5.11.2014 година, се избрани рецензенти:

– доц. д-р Марија Кусевска, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Филолошки факултет и
– доц. д-р Ранко Младеновски, Универзитет „Гоце Делчев“ Штип, Филолошки факултет

за изготвување на извештај-рецензија на приложениот ракопис за интерно електронско издаваштво, практикум со наслов „Американски роман на 20 век“, од авторите доц. д-р Марија Емилија Кукубајска и лектор м-р Марија Крстева. Практикумот е наменет за студентите од прв и втор циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Филолошки факултет, Катедра за англиски јазик и литература. Практикумот е наставно помагало за изведување на вежбите од предметот Американски роман на 20 век (прв циклус, осми семестар), кој вклучува американски модерен роман, прва половина на 20 век, американски постмодерен роман, втора половина на 20 век и постколонијална литература на 20 век (втор циклус, трет и четврт семестар). Практикумот со вежбите е на англиски јазик, како и Скриптата за истата содржина на предавања, издадена од УГД е-издаваштво, под наслов Postmodernism - Essays and Criticism: Interdisciplinary Context“ (Постмодернизам: есеи и критики: интердисциплинарен контекст).

# И З В Е Ш Т А Ј

Практикумот со наслов „Американски роман на 20 век“ од авторите д-р Марија Емилија Кукубајска и м-р Марија Крстева е материјал компатибилен со Наставниот план и содржините на наведените предмети по американска литература од прв и втор циклус на студии: Американски роман на 20 век (прв циклус, осми семестар, 2+1+1); Американски постмодерен роман (втор циклус, четврт семестар, 2+2+1), втора половина на 20 век, предмет кој опфаќа и модерен роман, прва половина на 20 век, и предметот Постколонијална литература на 20 век (втор циклус, четврт семестар, 2+2+1), книжевна насока, Катедра за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип. Практикумот со вежбите е на англиски јазик и е наставно помагало за Скриптата за наведените предавања, која е издадена од УГД е-издаваштво, под наслов Postmodernism - Essays and Criticism: Interdisciplinary Context“ (Постмодернизам: есеи и критики: интердисциплинарен контекст).

Податоци за обем на ракописот: Ракописот е напишан во А4 формат, фонт Arial, Times New Roman, големина 10. Текстот содржи 60 страници и е подготвен според пропишаната наставна програма и барањата кои се поставуваат пред студентите во рамките на овој предмет, а се однесуваат на подготовката на теоретски дел предаван во наведените предмети. Трудот содржи 12 лекции, библиографија составена од електронски книги, статии и интернет страници релевантни за предметот.

Податоци за постоење на сличен или ист наслов: До сега не е објавена ваква или слична рецензиран е-практикум. Ракописот претставува оригинален наставен материјал за спроведување на вежби спрема теми и проблеми во огромниот опус на американските романсиери од 20 век.

**Кус опис на содржината:** При изработка на е-практикумот „Американски роман на 20 век“ коавторите ги имале предвид следните цели за студентите: 1. Дополнително

да го утврдат предаваниот материјал преку 2. Анализа на делата со интердисциплинарен и споредбен метод, во контекст на историски, културолошки, филозофски, економски и уметнички дисциплини од филозофија, историја, социо-култура, уметност и масмедиуми.

Материјалот во практикумот ќе им помогне на студентите да ги проучуваат сложените книжевни и културни теми и проблеми на предмодернизмот, модернизмот и постмодернизмот, низ автори објавени од почетокот и крајот на 20 век: Теодор Драјзер, Скот Фицџералд, Ернест Хемингвеј, Ралф Елисон, Тони Морисон, Џозеф Хелер, Томас Пинчон, Курт Вонегат, Маргарет Атвуд, Б.С. Џонсон, Вилијам Бероус и Зеjди Смит.

Општа педагошка оценка на научните квалитети**:** Имајќи ги предвид гореизнесените факти, содржини и аргументи за учебникот на доц. д-р Марија Емилија Кукубајска, како и врз основа на содржинската структура на трудот, обемноста, јазичниот стил кој е застапен, соодветноста со содржината на студиската програма, селектираната содржина за скрипта и обемно консултираната литература, како и недостатокот на вака темелно и непристрасно претставување на мостмодерните концепти применувани во литературата, комисијата го предлага следниов

## З А К Л У Ч О К

Практикумот со наслов „Американски роман на 20 век“ од авторите доц. д-р Марија Емилија Кукубајска и лектор м-р Марија Крстева е наменет за студентите од прв и втор циклус студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Катедра за англиски јазик и литература. Практикумот е наставно помагало за изведување на вежбите од предметите: Американски роман на 20 век (прв циклус, осми семестар), Американски модерен роман, прва половина на 20 век, Американски постмодерен роман, втора половина на 20 век и Постколонијална литература на 20 век (втор циклус, трет и четврт семестар). Практикумот со вежбите е на англиски јазик.

Практикумот е стручно и научно е соодветно конципиран. Квалитетот, содржината, обемот и прегледноста даваат можност за успешно следење и утврдување на теоретскиот дел (анализа и критика) на книжевните дела предвидени во програмата на предметите: Американски роман на 20 век (прв циклус); 2. Постмодерна американска книжевност и 3. Постколонијална литература на англиски јазик (втор циклус).

Разработените содржини се во согласност со Наставниот план и содржините на наведените предмети во наведените студии од прв и втор циклус на студии на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите и условите за издавање на електронска скрипта според Правилникот за единствени основи за остварување на издавчката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија предлага практикумот со наслов „Американски роман на 20 век“ од авторите доц. д-р Марија Емилија Кукубајска и лектор м-р Марија Крстева да се прифати за печатење како електронско издание.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Марија Кусевска с.р.**
**Доц. д-р Ранко Младеновски с.р.**